Место за растење:
Општини посветени
на децата

# МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ:
# ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ



МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

Место за растење: Општини посветени на децата

## Партнерски организации

Меѓаши | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија

КМОП Скопје | Центар за семејно и детско згрижување

## Авторка

Васка Бојаџи | КМОП Скопје

## Дизајн

КМОП Скопје

Место за растење: Општини посветени на децата

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.

## Содржина

Резиме 4

За документот 6

Активно детско учество - предуслови и придобивки 6

Вклучување на различни групи деца 11

Координација и градење партнерства 12

Воспоставување на локални структури 16

Нови иницијативи поттикнати од проектот 17

Чувство на сопственишто и креативен придонес 19

Пораки до општините 21

# Резиме

„Место за растење: Општини посветени на децата“ е 30-месечен проект, спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, финансиран од Европската Унија.

Проектот има за цел да ги зајакне напорите на локалните власти за унапредување на правата на децата и нивното учеството во локалното планирање. Истиот вклучува низа активности за поддршка на општините Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода во развивање и операционализација на стратешки документи за правата на децата врз основа на специфичните потреби, перспективи и очекувања на децата, како и обезбедување на ефикасни алатки за следење на нивното спроведување. Учеството на Заедницата на општини (ЗЕЛС) во проектот поттикнува понатамошна дисеминација и реплицирање на развиените ресурси и воспоставените добри практики.

- Активности за градење на капацитети

Проектот опфати обемни програми за обука на претставниците на локалните власти, како и на воспитно-образовниот кадар од предучилишно, основно и средно образование. Беше развиена и е-библиотека, која е ризница на информативни и едукативни материјали на теми поврзани со правата на децата, детско учество, спроведување консултации со деца и локално планирање за детски права.

- Поддршка во развивање локални стратегии

Вклучените општини беа континуирано поддржувани во развивањето на стратегиите за правата на децата преку партиципативен процес. Овој процес опфати: организирање на меѓународна конференција и локални конференции; формирање на локални панели за правата на децата одговорни за дизајнирање, олеснување и координирање на развојот, спроведувањето и следењето на локалните стратегии; спроведување на консултации со децата за информирање на приоритетите кои се утврдени во локалните стратегии, и обезбедување на сесии за поддршка во секоја од општините.

- Развој на дигитална платформа за следење на стратегиите

Беше развиена и тестирана Дигитална платформа за следење на правата на деца, која служи како виртуелен простор кој ќе овозможи следење на спроведувањето на локалните стратегии. Претставници на општините беа обучени за користење на платформата и за редовно ажурирање на податоците.





- Кампања за подигање на свеста

Активностите за зголемување на видливоста на проектот, како и за подигање на свеста на пошироката јавност за важноста на унапредувањето на правата на децата на локално ниво, вклучуваа бројни информативни материјали, веб-страница на проектот, видео сведоштва и подкасти. Се одржа и завршна конференција, со фокус на достигнувањата и научените лекции во рамките на проектот и наредните чекори.

Погледнете ги подкастите со децата:




Подкаст „Архитектура на детството“ – Велес, Епизода 1




Подкаст „Архитектура на детството“ – Велес, Епизода 2




Подкаст „Теракота“ – Виница




Подкаст „Мали но гласни“ – Дебар




Подкаст „Нашиот Глас“ – Гостивар




Подкаст „Исти но не во рамка“ - Кисела Вода

# За документот

Овој документ – „Осврт на добрите практики“ – има за цел да ги прикаже искуствата, согледувањата и ставовите на претставниците на општините кои учествуваа во проектот, за активностите и пристапите што тие ги препознаваат како најуспешни и највредни за понатамошно споделување.

Собраните примери претставуваат инспирација и поттик за другите општини да ги прилагодат и применат овие практики во своите локални заедници, со цел унапредување на учеството и добросостојбата на децата.

Содржината на документот се темели на одговори од краток прашалник пополнет од страна на општините, како и одделни градинки и училишта, а дополнета е со согледувања и искуства споделени за време на реализацијата на проектните активности. Во завршниот дел се вклучени и пораки од општините кои учествуваа во проектот, упатени до сите останати општини во државата, со цел да се поттикне поширока примена на развиените модели и пристапи.

# Активно детско учество - предуслови и придобивки

Една од најзначајните придобивки од проектот, на која укажаа сите општини, е **создавањето на структурирани можности за активно учество на децата во процесите на дијалог и донесување одлуки за прашања што директно ги засегаат**. Во овој контекст, особено беше истакната важноста на активностите како консултативните сесии, локалните конференции и меѓународната конференција, како и подкастите во кои децата се појавија како говорници и водители.

Овие механизми за учество се сметаат за особено значајни затоа што им овозможија на општините **непосреден увид во проблемите, идеите и визиите на децата** – перспектива која честопати останува занемарена при креирањето на локални политики. Воедно, беше воочено **дека преку овие форми на учество деца добиваат поголема самодоверба и чувство дека нивниот глас има тежина и вредност во заедницата**.

Клучен фактор за успех, според општините, беше создавањето **пријателска, отворена и поттикнувачка атмосфера**, каде децата се чувствуваат добредојдени и почитувани. Употребата на **креативни и иновативни методи** – цртање, групни дискусии, симулации, медиумски формати – им овозможи да ги искажат своите ставови на начин што е близок на нивните интереси, искуства и преференции.



Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ
Место за растење: Општини посветени на децата

Општините посочија и на поширокатa промена што ја забележале - директната работа со децата и слушањето на нивните ставови придонесе за **зголемување на свеста кај возрасните и локалните институции за улогата на децата како носители на идеи и решенија**. Со тоа се поттикнува постепена промена на перцепцијата – од гледање на децата само како пасивни приматели на услуги и грижа кон нивно препознавање како активни чинители кои, и покрај возраста и искуството, имаат капацитет да придонесат за развојот на општините и заедницата.

## *Велес*

> “*Се одржаа многу настани каде што децата имаа можност јавно и пред многу луѓе да го изразат нивниот став и размислување за тоа како општината да биде подобро место за растење. Сметам дека децата често како возрасни знаеме да ги потцениме, затоа што се млади и помалку искусни. Работите кои ги посочија на панел дискусиите и конференциите беа работи за кои ние не бевме свесни дека им пречеле или работи кои тие би сакале да ги има во Општина Велес. Така, станавме посвесни и сега можеме да делуваме поактивно.*”

> “*Имавме еден процес во Велес во кој ги споивме децата и возрасните, ги седнавме на иста маса и се гледаше рамноправноста меѓу нив, секој можеше да го искаже тоа што го мисли.*”

Прва детска амбасада во светот Меѓаши
КМОП Скопје

## Гостивар

*Активноста што ја сметаме за најуспешна во рамките на проектот беше организирањето на работилницата со децата во Младинскиот центар УСС, како и процесот на директни консултации со самите деца. Овој пристап овозможи активна вклученост на децата и младите во прашањата што ги засегаат, преку креативни и интерактивни методи на работа. Во текот на работилницата, децата беа поделени во различни тематски групи, каде дискутираа за клучни теми како што се дискриминацијата, безбедноста во училиштата и заедницата, пристапот до социјални услуги, квалитетот на образованието и нивните секојдневни предизвици. Поставивме отворена и пријателска атмосфера каде секое дете се чувствуваше слободно да го искаже своето мислење и лични искуства, што придонесе за создавање на чувство на доверба и зајакнување на нивната самодоверба. Дополнително, преку групната работа, децата не само што дискутираа, туку и предлагаа конкретни решенија и иницијативи за подобрување на состојбите. Сметаме дека оваа активност беше особено успешна затоа што ги постави децата во центарот на процесот и ја зајакна нивната улога како активни чинители во општеството. Преку овој процес, добивме вредни сознанија за тоа како децата ја перципираат реалноста во која живеат, што понатаму ќе помогне во дизајнирање на политики и активности што одговараат на нивните реални потреби.*

## Виница

*Основите на пристапот за детското учество во проектот беа:*

- *Детето во центарот на вниманието*
- *Зголемено учество на децата*
- *Потребите и идеите да потекнуваат од децата*
- *Вклучување на децата во локалниот панел*
- *Давање значење на предлозите на децата*
- *Децата – СТОЖЕР на инвентивност и инспирација*



Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ



## Дебар

*Луѓето кои се на функции ги запознаа децата одблиску, ги видоа нивните барања, ставови, креативни идеи, а децата имаа можност да се почувствуваат почитувано и да ги искажат нивните идеи. Не само што имаат можност да учествуваат во креирање политики, туку им се разви и самодовербата.*

## Кисела Вода

*Овие активности и пристапи беа успешни затоа што:*

*-овозможуваат активно учество на децата во дискусија по прашања од важност за нив;*

*-поттикнуваат заземање ставови за она кое ги засега;*

*-иницираат планирање на измени во местото на живеење со цел унапредување на детските права;*

*-мотивираат за преземање иницијативи за натамошно делување;*

*-подразбираат подигнување свест за активно вклучување во креирање на локалните политиките за правата на децата;*

*-значат зголемување на самодоверба на децата затоа што тие се видени, слушнати и испочитувани;*

*-поттикнуваат учење за животот преку преземање важни улоги.*












# Вклучување на различни групи деца

Општините препознаа дека е од суштинско значење во процесот на консултации да бидат опфатени **деца од различни возрасни групи, средини и со различни животни искуства**, за да се обезбедат покомплетни и подлабоки сознанија, наместо да се добие еднообразна и ограничена слика.

Токму затоа, тие вложија значителни напори да вклучат деца од што е можно поширок спектар. Така, во сите општини, консултациите не беа ограничени само на ученици од повозрасни групи, туку опфатија и деца од претшколска возраст, со цел да се разберат и нивните специфични потреби.

Некои општини отидоа и чекор понатаму. Со применување на системски пристап, во Општина Кисела Вода, беа **вклучени деца од сите јавни градинки и училишта на територијата на општината**. Во Општина Виница и Дебар, пак, особено внимание беше посветено на **вклучувањето на децата од руралните средини**, свесни дека нивните предизвици во некои аспекти се разликуваат од оние на децата кои живеат во урбаните делови.

Во целина, оваа практика на свесно создавање простор за повеќе и различни детски мислења и искуства претставува значаен исчекор кон поинклузивно и посеопфатно локално планирање кое ја одразува реалната слика на потребите на сите деца – а не само на оние кои вообичаено имаат поголем пристап и видливост.






МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

Место за растење: Општини посветени на децата



## Координација и градење партнерства

Една од најсилните пораки кои произлегоа од искуството на сите вклучени општини е дека **вистинската промена во заедницата не може да се постигне без партнерство и заедничка работа на сите клучни чинители** – училиштата, детските градинки, локалните институции, организациите од граѓанскиот сектор и семејствата.

Споделените примери покажуваат дека за ваквата соработка е потребна повеќе од формална координација – таа бара доверба, постојана размена на информации, отворен дијалог за проблемите и заедничко креирање на решенија. **Ентузијазмот на професионалците кои работат со децата и за децата,** како и **искреното препознавање на важноста на проектните цели и активности** од нивна страна, беа особено нагласени. Покрај тоа, постоењето на **волја и отвореност од страна на носителите на одлуки во општините** беше препознаено како клучен фактор за успех на вакви иницијативи.

Во текот на спроведувањето на проектот, оваа соработка постепено се продлабочуваше – редовните состаноци, заедничките активности и размената на искуства помогнаа различните институции и групи да се запознаат подобро, да изградат доверба и да делуваат усогласено.

Пристапот на соработка создаде простор каде секој може да даде придонес од својата перспектива, а со тоа се постигна поголем обем и влијание на иницијативите. Соработката покажа дека вистинските промени се случуваат кога сите страни чувствуваат дека имаат удел во процесот и кога **визијата за подобра средина за децата се гради колективно**. Овој пристап не само што овозможи успех на активностите во рамките на проектот, туку создаде услови за овие партнерства да продолжат и по неговото завршување.

## *Виница*

*Директната и отворена комуникација со децата како пристап се покажа како многу корисен во целиот процес. Младите од СОУ „Ванчо Прке" ги вклучивме во подготовките на локалните конференции и панели како постојани членови на општинските панели за подготовка на стратегијата за децата во Општина Виница (5 членови) покрај останатите членови од локалната самоуправа, советот на родители, стручниот и наставен кадар на училиштата, градинката, здруженија на граѓани, центар за социјални работи и полициска станица.*

*Соработката помеѓу локалната самоуправа и локалните институции (училишта, градинка, полициска станица, центар за социјални работи) и здруженија на граѓани (хуманитарно здружение Умление, фолклорен ансамбл Китка Истибања, доброволно противпожарно друштво ДПД Виница) во континуитет беше на највисоко ниво. За време на целиот процес имаше телефонска комуникација, теренски посети, работни средби и консултации и директни разговори во помали групи за разни потреби на децата.*

*Соработката се базираше на:*

- *Заедничко координирање и соработка на претставниците од институциите со децата од училиштата*
- *Зголемена отвореност и вклучување на децата од страна на институциите на локално ниво*
- *Заедничка работа на детектирање на стратешки цели за детско учество во заедницата*
- *Отвореност на локалната самоуправа на Општина Виница*
- *Професионалност и одговорност на наставниците и стручните служби во училиштата и градинката*
- *Логистичка и координативна поддршка од страна на сите институции*
- *Слух за потребите на децата и подготвеност да се учествува во СЕ што е од интерес на децата*
- *Желба да се создаде процес на движење кон побезбедна и попросперитетна иднина за СИТЕ*

## *Кисела Вода*

*Соработката со воспитно-образовните установи беше на завидно ниво. Она кое помогна оваа соработка да биде успешна е:*

*-подготвеноста на локалната самоуправа за соработка со носителите на проектот;*

*-успешноста на претставниците на ОКВ во поттикнување интерес кај воспитно-образовните установи за соработка со локалната самоуправа;*

*-позитивно влијание на воспитно-образовниот кадар врз децата во насока на нивно активно вклучување во проектот;*

*-проактивност на сите чинители при реализација на активностите;*

*-ентузијастички и професионален приод на воспитно-образовниот кадар во работата со децата;*

*-енергичност и посветеност на сите засегнати страни во процесот на подигнување на свеста за потребата од унапредување на детските права;*

*-преземање иновативни начини за мотивирање на децата;*

*-покренување иницијативи за постигнување поголемо позитивно влијание на проектот во местото за растење;*

*-развивање вештини за промоција на добри практики;*

## *Кисела Вода*

*Бевме максимално вклучени и ангажирани во проектот и во училиштата и во градинките секако со поддршка на општината и вработените од општината вклучени во проектот. Имавме навремено информирање, комунициравме на различни начини, имавме средби, го споделивме нашето искуство во околината каде работиме, со управата и колегите. Имаме силни поединци а делуваме како тим! Се радуваме за вклученоста во проектот на секој поединец, дете, и возрасен од општината.*



Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ
Место за растење: Општини посветени на децата

## *Гостивар*

*Имаше многу добра соработка со училиштата, детските градинки и други релевантни групи во заедницата. Во реализирањето на активностите од проектот, беа активно вклучени средните училишта, основните училишта, како и детските градинки, кои покажаа голема отвореност и интерес за темите што се обработуваа. Оваа соработка беше клучна за успешно спроведување на предвидените активности и за вклучување на што поголем број деца и млади. Училиштата помогнаа во идентификувањето на ученици кои можат да дадат значаен придонес, овозможија простор и логистичка поддршка за реализација на настаните, додека воспитниот кадар од градинките даде важен увид во потребите на помалите деца. Тоа што сите страни ја препознаа важноста на проектот и имаа заедничка цел – унапредување на благосостојбата и правата на децата – придонесе за една искрена и продуктивна соработка. Комуникацијата беше редовна и ефективна, а поддршката која ја добивме од овие институции беше од суштинско значење за успехот на проектот.*



КМОП Скопје






## Воспоставување на локални структури

Една од најзначајните придобивки што произлегоа од процесите поттикнати преку „Место за растење" е преминот од проектни активности кон трајни локални механизми. Најдобра илустрација за ова претставува Општина Кисела Вода, која направи исклучителен чекор напред со воспоставување на Локален совет за унапредување на правата на детето.

Во рамките на јавната расправа, која ја организираше општината по предлог-одлуката за формирање на Советот, учествуваа речиси 100 учесници од различни институции и сектори: членови на Советот на општината, претставници на локалната администрација, училишта и градинки, МВР и социјални служби, како и ученици и самите деца. Впечатлива беше активната улога на децата, кои со јасни и силни пораки укажаа на важноста на постоењето на тело што ќе го следи и застапува нивниот интерес и правата загарантирани со Конвенцијата за правата на детето.

Резултатите од овој настан беа повеќеслојни, вклучително, усвојување на одлуката за формирање на Советот за унапредување на правата на детето, и прецизирање на неговите надлежности и начинот на функционирање и финализирање на Стратешкиот план за правата на децата (2025–2029)

Формирањето на Советот ја зацврстува идејата дека детските мислења нема да бидат само слушнати во рамки на проект, туку ќе станат составен дел од долгорочните политики и одлуки на локално ниво.





## Нови иницијативи поттикнати од проектот

Проектот успеа да создаде **средина која ги инспирира децата, младите и сите други локални чинители да размислуваат пошироко од предвидените активности** и сами да иницираат нови идеи и акции. Проектот не остана само во рамките на своите предвидени активности – напротив, тој стана поттик за нови форми на заедничко делување во заедниците.

Во повеќе училишта и градинки, мотивирани од искуствата на обуките и локалните конференции, наставниците и децата започнаа да организираат заеднички активности и по завршување на проектните активности. Такви примери вклучуваат **организирање на еко-акции за чистење и уредување на јавни простори, создавање на катчиња за дружење и учење, спортски и културни настани кои го збогатуваат** секојдневието на децата.

Посебно значаен е моментот кога ваквите иницијативи се проширувaат надвор од образовните институции и вклучуваат поширок спектар на чинители. Во некои заедници, како што е Виница, проектот ја поттикна **и бизнис заедницата да се вклучи со своја поддршка во локални акции** – од еколошки активности, до поддршка во создавање подобри услови за учење и рекреација. Ова, според општините доведе до видливи резултати на терен, но уште поважно, создаде чувство дека промените можат да произлезат и од самите граѓани, без да се чека исклучиво на институциите.

**Младите**, пак, преку учеството во локалните панели за детски права, **станаа носители на идеи кои мобилизираат цели заедници**. Некои од нив, заедно со своите соученици и локалните организации, покренаа активности што ги обединија жителите, месните заедници и дури и дијаспората во акции за подобрување на животот во заедниците.

Овие примери покажуваат дека проектот поттикна нова енергија, иницијативност и соработка на локално ниво. Децата и младите ја преземаат улогата на креатори на идеи, додека институциите и возрасните стануваат нивни партнери и поддржувачи во нивната реализација.





## Виница

*Во текот на проектот претставниците од урбаните училишта ООУ „Славчо Стојменски“ и ООУ „Гоце Делчев“ од Општина Виница, мотивирани од заедничките активности на обуките и локалните конференции во Прогресив Академија на фабриката „Макпрогрес“ - Виница продолжија самоиницијативно со заеднички наставни активности. Училиштата и градинките почнаа повеќе да реализираат слободни активности и проекти во самото училиште и надвор од него како заеднички активности во природа и спортски игри. Промоција на волонтеризмот во локални граѓански акции каде и учениците ќе се вклучат како што е „Зелен чекор“ - еколошка иницијатива за обнова на Градскиот Парк во Виница од страна на општествено одговорна фирма „Elen Group“ од Виница (косење, расчистување на зеленило и дрвја, фарбање на клупи и видиковец, детски реквизити во паркот итн). Овој проект и соработката со бизнис заедницата предизвика промена во јавната свест кај фирмите и граѓаните кои не чекаат се од општината туку тие се лидери на промените во локалните заедници. Таков е случајот и со младинската организација од село Градец каде претседателот е член на локалниот општински панел за правата на децата. Тој заедно со месната заедница, жителите на Градец и дијаспората реализираа во континуитет волонтерски активности за подобро и поквалитетно живеење во село Градец. Во ООУ „Славчо Стојменски“ Виница има многу нови иновативни активности поттикнати од гласот на децата. Катче за дружење и релаксација за време на училишните одмори, воведување на целодневна настава, искористување на спортската училишна зграда за нови спортски активности како на училишно така и на општинско ниво. Уредување на училниците по сите стандарди за модерна и дигитална настава. Опремување на мултифункционален простор библиотека за часови и обуки предавања и форум сесии.*





*Општината расписа за првпат јавен повик за општински училишни акции за ученици од училиштата во тимови од 5 деца со свој ментор - наставник или стручен соработник. Се формира општинска комисија од членови од одделение за јавни дејности и одделението за финансии и буџет од страна на Градоначалникот. Пристигнаа 10 апликации од сите 5 општински урбани и рурални училишта (основни и средни). Учествуваа 50 ученици и 13 наставници и стручни соработници. Апликациите беа можност учениците заедно со нивните ментори и поддршка од локалната самоуправа да научат како се пишува апликација и како се бараат дополнителни средства од други донатори и спонзори за реализација на својата активност. Волонтерските училишни акции беа можност учениците да ги идентификуваат потребите и да бараат нивно решение. Покрај видливите резултати од акциите се постигна тим билдинг и нови вештини за волонтеризам во локалната заедница.*

## Чувство на сопственишство и креативен придонес

Значаен резултат од проектот беше **чувството на сопственишство што го развија општините, градинките, училиштата и децата кон самиот процес**. Тие ја препознаа потребата од проектот, го прифатија како своја иницијатива и простор за креативност и заедничко делување. Како резултат, се појавија активности и идеи за промоција и афирмација на целите на проектот кои воопшто не беа планирани во самиот проектен дизајн, но настанаа природно, како израз на посветеноста на локалните заедници.

Особено впечатлив пример доаѓа од Општина Кисела Вода, каде инспирирани од проектот, тимот на Локалниот панел и градинката „Весели цветови“ создаде **детска песна под наслов „Среќно место за растење“**. Песната, која е своевидна химна на проектот, носи искрена порака за детската визија за растење во убава, безбедна и поддржувачка средина, во која се слуша гласот на децата и тие одлучуваат за важни нешта. Во видеозаписот, преку своите цртежи, децата ја прикажуваат Кисела Вода каква што ја замислуваат – полна со зеленило, игралишта и насмеани лица. Оваа песна не е само зборови и ноти – таа е симбол на надеж и пример за тоа што може да се постигне кога им даваме простор на детските гласови.






*„Убаво место за растење за сите нас*

*да се слушне секој детски глас.*

*Желби, идеи ние споделуваме,*

*за важни нешта одлучуваме.*

*Уууу. Ууу."*










## Пораки до општините

### *Велес*

*Една од најдобрите одлуки која може да ја донесе локалната самоуправа е да ги вклучи децата во процесот на планирање и во самиот процес на донесување одлуки. Од сето тоа што го видовме и слушнавме во рамките на овој проект, им препорачување да го направат тоа што поскоро затоа што само на тој начин тие ќе станат една општина која се грижи за своите деца. Она што ќе го кажат децата се нивните реални потреби, нивните реални барања, нивните реални желби за тоа во какво место сакаат да живеат.*

### *Кисела Вода*

*Мотивирани сме за реализација на активностите од стратешкиот план и размислуваме активно за креативни решенија кои ќе ги вклучат и децата и возрасните во општина Кисела Вода за исполнување на стратешките цели. Во блиска иднина очекуваме резултати кои ќе ги споделиме како позитивни искуства со цел да ги мотивираме и вклучиме повеќе деца, млади и возрасни во општинските воспитно - образовните установи, организации и здруженија. Се надевам и во иднина ќе ја имаме поддршката и соработката со КМОП и Меѓаши како за овој проект така и за идни активности и проекти за унапредување на правата на децата, и ќе бидеме позитивен пример за вклучување на повеќе општини од земјата да се вклучат во проектот.*

## *Гостивар*

*Една од највредните практики што ја спроведовме во рамките на проектот, а која сметаме дека би можеле да ја применат и другите општини, е директното вклучување на децата во детектирањето на проблемите во заедницата. Преку работилници, дискусии и консултации, децата имаа можност да ги изразат своите мислења, да посочат конкретни предизвици со кои се соочуваат во нивната околина, и да предложат идеи за подобрување. Овој пристап не само што ги мотивира и ги охрабрува децата да размислуваат критички и да бидат активни граѓани, туку истовремено им помага и на институциите, затоа што добиваат директен увид во реалните потреби и грижи на најмладите. Вклучувањето на децата како рамноправни партнери во процесите на донесување одлуки, плански развој или создавање на нови услуги, придонесува за поефикасно креирање на политики и активности кои навистина одговараат на заедницата. Оваа практика ја гледаме како модел кој може да се прилагоди и примени и во други општини, со цел зајакнување на учеството на децата и подобрување на локалната демократија.*

## *Виница*

*На сите општини кои не се вклучени во овој проект, им препорачувам да ги вклучат децата во секој сегмент од општественото живеење, зашто велиме постојано затоа што постојано велиме и прокламираме дека децата ни се иднината, но иднината ја креираме во сегашноста, затоа за утре да ни биде подобро треба да почнеме сега, без одложување, без задржување.*



МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОСВРТ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ
Место за растење:
Општини посветени
на децата

**веб-страница**

www.placetogrow.mk

**е-пошта**

info@placetogrow.mk

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите и мислењата на Европската Унија.

